Подготвил:
**Александар КЕЛТАНОСКИ**

## КОНЦЕПТ ЛАПТОП НА ИДНИНАТА



"The Compenion" е новиот концепт лаптоп, кој повеќе личи на папка отколку на денешните лаптопи. Прекрасниот футуристички дизајн е дело на Felix Schmidberger, а овој концептуален електронски убавец се очекува да стане реалност во 2015 година. Планиран е со OLED тачскрин монитор, и нов иновативен модуларен концепт.



## КВАНТНА ЕНКРИПЦИЈА

Група европски научници на Канарските острови успеале да испратат енкриптиран код составен од фотони. Светлосниот извор, лоциран на островот Ла Палма, емитирал сигнал кој приемникот поставен на 90 километри оддалечено островче близу Тенерифе успешно го примил. Технологијата се базира на уникатноста на врските меѓу фотоните. Начинот на кој се остваруваат врските целосно е непредвидлив и доколку се користи за криптирање на податоци, клучот на енкрипцијата теоретски е невозможно да се пробие, освен во случај кога информациите би биле пресретнати во моментот на размената на клучевите.



Судејќи според изјавите од агенцијата ESA (European Space Agency), која го финансирала истражувањето, со експериментот е остварен значаен напредок на полето на безбедната комуникација со сателитите. Освен во сателитската комуникација, можност за примена на оваа технологија постои и во размената на информации меѓу банките и во воени цели.

